Универзитет „Свети Кирил и Методиј“
**МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ – Скопје**

## ЕВРОПСКИ ДЕН НА ПРЕТПРИЕМАЧОТ

Вториот по ред Европски ден на претприемачот под наслов: Претприемачот предводник во ЕУ интеграцијата се одржа на 09.05.2007, во Скопје. Со тоа беше одбележан и денот на Европа која годинава слави 50 години од основањето.

Истовремено се одржа и саем на домашни и странски организации кои го поддржуваат претприемништвото во РМ, а беа доделени и наградите за најдобар бизнис план избрани од Business Start-up центарот - Унив. ”Св. Кирил и Методиј”.

Добитници на наградите се:

1. AVG Design Studio (I награда)
2. Еурека (II награда)
3. Презент (II награда)
4. Europe Style (III награда)
5. Линк (III награда)

Наградите ги врачи Амбасадорот на Австрија, неговата Екселенција Филип Хојос.

## ПРЕЗЕНТАЦИЈА PEARSON

Претставник на една од најголемите издавачки куќи во светот, Pearson, на 16.05.2007г. на МФС одржа презентација. Инаку Pearson е куќа во чии рамки се и познатите издавачи: Prentice Hall, Addison-Wesley, Longman, Benjamin Cimmings и др.

## TEMPUS WEBLAB WORKSHOP

На 17и18.05.2007г. во рамките на TEMPUS проектот WEBLAB Web Based Multimedia E-Learning for Applied Technologies, чиј контрактор е Техничкиот Универзитет од Торино, Италија, а координатор е МФС, се одржа дводневна работилница за која студентите покажаа особен интерес.

На работилницата свое излагање имаа проф. Франц Чуш од Машинскиот Факултет во Марибор, Словенија кој ги презентираше европските искуства и доц. д-р Валентина Гечевска која ги презентираше главните придобивки од проектот.

## НАУКА ЗА СИТЕ

На 19.05.2007 на плоштадот Македонија во Скопје се одржа промотивната манифестација на Унив. ”Св. Кирил и Методиј”, под наслов: “Наука за сите”, на која МФС ги изложи своите наставно-научни содржини и студентски активности.

## TEMPUS DEREC WORKSHOP

На 21 и 22.05.2007г. на МФС се одржа работилница во рамките на TEMPUS JEP DEREC проектот за развој на курикулум за универзитетски студии по инженерство на животна средина. На работилницата Проф. Клаудио Бори одржа предавање за европските искуства кај овој вид студии.

## ПРЕЗЕНТАЦИЈА

Со цел да се доближат можностите на софтверските пакети Solid Works, Delcam и Stratasys на 22.05.2007 на МФС, фирмата Technologica од Бугарија одржа еднодневен семинар координиран од проф. д-р. Татјана Кандикјан.

## ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ПРОЕКТ

Презентација и дискусија за првичните резултати од проектот “Поддршка за подготовка на национална стратегија за одржлив развој на РМ” се одржа на 23.05.2007г. Организатори беа: МФС, МАК-JAMS Здружението на учесници на семинари во Јапонија, проектната канцеларија за одржлив развој на РМ и здружението за производно и индустриско инженерство. На презентацијата свое излагање имаа раководителот на проектот д-р Манфред Бух и раководителот на работната група, проф.д-р Делчо Јованоски.

## ХУМАНИТАРНА АКЦИЈА

Во организација на Македонскиот Црвен Крст и Републичкиот завод за трансфузиологија на 29 и 30.05. 2007г. се одржа крводарителска акција за студентите и вработените на МФС и ФЕИТ. На дарителите им беа доделени мали подароци.

## SEAT ДОНАЦИЈА

Производителот на автомобили SEAT на 22.05.2007г. на МФС донираше возило. На чинот на донирање присуствуваше и Амбасадорот на Шпанија во РМ, неговата Екселенција Хосе Мануел Пас Агуерас. Деканот на МФС, проф. д-р. Милан Ќосевски на донаторот КАДИС и на Амбасадорот им врачи благодарници за соработка.

## СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ

На 22.05.2007 кошаркарската екипа на студенти како третопласирана во универзитетската суперлига учествуваше на полуфиналниот натпревар каде се сретна со екипата на Правниот факултет - актуелен шампион. Иако натпреварот го загубивме, ова е еден од најголемите успеси. Воедно добивме пехар за ферплеј. Честитки!

## О Т С У С Т В А

1. Проф. д-р Славе Арменски на ден 20.04.2007 во Грција, присуствуваше на работниот состанок на Темпус проектот Quality Assurance and Accreditation System Network (QAASNet).
2. Проф. д-р Татјана Кандикјан, на 7-ми и 8-ми мај 2007г. во Србија зеде учество на работниот состанок во врска со рализација на Темпус проектот кој се однесува на креирање на програма за нова насока "Дизајн у машинству" што се отвара на Машински факултет во Белград.
3. Доц. д-р Атанас Кочов, релизира службено патување во период 22-29 мај 2007, во Србија година и од 29 мај до 5 јуни 2007 година во Босна и Херцеговина. Тој престојуваше на Машински факултет во Белград и Универзитетот во Сараево поради водење разговори за воспоставување на заеднички проект и проширување на проектот CIRKO MES CE.
4. Пом. асс. Кристина Јакимовска, од 24 мај до 3 јуни 2007 година престојуваше во Австрија, поради воспоставување на контакти и обезбедување литература за нејзиното понатамошно усовршување.
5. Асс. м-р Ана Лазаревска на 13 мај 2007г реализира службено патување во Бугарија, каде зеде учество со свој труд на Вториот курс на Climacademu во организација на Техничкиот универзитет во Софија.
6. Асс. м-р Зоран Марков, реализира службено патување во Белгија, во период од 30 април до 25 мај 2007 година со цел студиски престој на Универзитетот Врије во Брисел во рамки на активностите за реализација на Темпус проектот NSP-ME.
7. Доц. д-р Игор Ѓурков, релизира службено патување во Белгија и Франција, во период од 21 мај до 4 јуни 2007 година. со цел студиски престој на Универзитетот Врије во Брисел и во фирмата Бироверитас во Париз во врска со рализацијата на Темпус проектот NSP-ME.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**31.05.2007**
**29 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИК ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Техничко уредување:**
*Бисера Кајмакоска*
*Борис Рошков*

**Година 2007, мај, број 61**

# ФАКУЛТЕТСКИ МФС ИНФОРМАТОР

## ВО ФОКУСОТ

Како и секој мај, секоја учебна година, така и овој се финализираат обврските.

Се сумираат резултатите од развојот на тековните проекти и се очекуваат резултатите од третата генерација студенти која студира по европски стандарди. Континуираната проверка на знаењата е во тек.

Новите матуранти и потенцијални студенти преку промотивните активности имаа можност да се запознаат со наставните програми и студентски активности на факултетот. Се очекува вистинскиот одзив на понудата...

## НАГРАДА

На Свечената Академија која се одржа на 24-ти мај 2007г., денот на патроните на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” беа доделени награди на најдобрите студенти. Бојан Јованоски беше награден како студент со највисок просек на МФС, а воедно ја прими и наградата на Фондацијата Проф. Стамболиев.